## КОМЕНТАРИ И ПРЕПОРАКИ ОД ЕКСПЕРТИТЕ

**Анализа на Одлуката за формирање на Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор донесена на 26 мај, 2016 и 7 ноември 2017 година.**

### ОПШТИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Во овој дел дадовме некои општи забелешки во врска со текстот на Одlуката, кои се дополнително разработени подолу. Исто така дадени се и општи препораки во врска со следните чекори кои треба да се преземат.

Идејата за формирање на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор е согласно добрите позитивни практики забележани во некои други земји. Сепак, треба да се земе предвид дека Советот може да има само советодавна улога и не може да сноси одговорност за активностите кои се во рамките на надлежностите на определени институции. Секако Советот може да учествува во спроведувањето на некои од тие активности, но условите за таквото вклучување на Советот треба да се јасно регулирани со Одлуката, што сега не е случај.

Бидејќи Владата не планира наскоро да ја дополни и измени Одлуката, силно се препорачува делот од текстот за кој со анализата дадена подолу се утврдува дека не соодветствува на самата улога на Советот, да се дадат дополнителни објаснувања во Правилникот за деловник на работа на Советот (понатаму во текстот: Правилникот), а подоцна да бидат сменети во Одлуката.

Има некои делови од текстот во кои се употребени определени фрази кои имаат прилично широко значење така што за тие исто така треба да се дадат попрецизни објаснувања во Правилникот за да не дојде до носење на арбитрарни одлуки.

Во врска со составот на Советот, општа забелешка е дека во Советот треба да има и претставник од Генералниот секретаријат на Владата - од организациската единица за соработка со граѓанскиот сектор. Ова е согласно праксата во Хрватска, каде на почетокот Канцеларијата за соработка со невладини организации само служеше како експертска поддршка на работата на Советот и немаше свој претставник во него, што подоцна се измени преку дополнувања на Одлуката за формирање на Совет за развој на граѓанскиот сектор. Оваа промена беше направена имајќи предвид дека Канцеларијата е главниот орган одговорен за изработка и спроведување на

националната Стратегија за создавање на поттикнувачка средина за развој на граѓанскиот сектор и е генерално надлежна за соработката со граѓанскиот сектор во Хрватска. Бидејќи улогата на Генералниот секретаријат на Владата - организациската единица за соработка со граѓанскиот сектор е многу слична на улогата на хрватската Канцеларија изгледа дека би било логично и корисно истата улога да му се додели на Одделението во однос на позицијата во Советот.

Дополнителниот коментар во однос на текстот од Одлуката е дека во иднина треба да се додаде одредба со која ќе се определи содржината и опсегот на Правилникот. По тоа, во иднина Одлуката треба да се дополни како што се препорачува во анализата подолу, согласно начелото дека Одлуката ја поставува рамката, додека во Правилникот подетално се разработени одредбите од Одлуката. Имајќи предвид дека во анализата има неколку забелешки дадени во смисла на тоа дека некои делови треба дополнително да се разработат се препорачува сите овие за сега да се разработат во Правилникот, а Одлуката да се дополни колку што е можно побрзо, согласно наведеното.

**АНАЛИЗА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ОДЛУКАТА**

- Генерален коментар во врска со текстот на **член 2** од Одлуката е дека треба да се смета дека Советот е советодавно тело на Владата и како такво може да има само советодавна улога, што значи дека може да учествува само со давање мислење за определени активности за кои одговорноста е кај определени државни институции; може да дава предлози, препораки и слично. Текстот на сегашната одредба укажува дека Советот е единственото тело одговорно за спроведување на активностите споменати во член 2, став 1, алинеја 1, 2, 7, 8 и 9, кое како што беше објаснето погоре не може да е така. Поради тоа се препорачува во идните дополнувања на Одлуката да се промени текстот на начин на кој ќе ја одразува вистинската улога на Советот, на пример: „учествува во мониторинг и анализа…”; „предлага иницијативи за усвојување…”; „учествува во мониторинг и анализа….”; „дава предлози…”; „дава мислења…”. Покрај тоа, согласно претходната забелешка, се препорачува да се даде и објаснување во Правилникот.

- Се препорачува во **Член 2, став 1** да се додаде дополнителна алинеја: „спроведување на постапка за номинирање и избор на претставници од граѓанските организации во комитетите, советодавните или работните органи на барање на државните институции, владините канцеларии и други јавни органи“. Ова е во согласност со добрите практики воспоставени со хрватскиот Совет за развој на граѓанскиот сектор на кој му била дадена можност да управува со процесот за избор на претставници од граѓанскиот сектор во различни тела и е веќе испробан начин за зајакнување на улогата на Советот. Ова дава поголема легитимност и на работата на Советот и на избраните претставници од граѓанскиот сектор, па се препорачува да се размисли веднаш да се внесе ваква одредба во Правилникот и подоцна во Одлуката кога истата ќе се менува и дополнува.

- Во врска со **член 3** се препорачува Советот да нема само членови туку и заменици членови со цел непречена работа. Постоењето на заменици членови помага да се обезбеди кворум, имено да се обезбеди непречена работа на Советот во смисла дека се намалува можноста Советот да не може да донесе одлуки на своите седници.

- Исто така, во врска со **член 3** се препорачува Генералниот секретаријат на Владата - организациската единица за соработка со граѓанскиот сектор да се додаде на листата на институции кои ќе назначуваат свои претставници во Советот. Бидејќи се предвидува Одделението да служи како административна и техничка поддршка на Советот (член 11) и исто така има улога при координација на работата во однос на изработката и спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата и граѓанскиот сектор би било корисно и логично Одделението исто така да има право да гласа на седниците на Советот и да не присуствува само како набљудувач.

- Дополнителниот коментар во врска со **член 3** се однесува на прашањето за повторен избор на членови на Советот. Не е јасно зошто е одлучено да се

ограничи можноста за повторен избор на само два мандати, бидејќи тоа е против демократските практики за неограничени можности за повторен избор генерално во репрезентативните тела. Доколку на граѓанските организации им се даде можност да ги бираат своите претставници во Советот, не треба да има ограничувања во однос на тоа кои ќе бидат тие претставници, покрај општите критериуми кои треба да ги задоволат кандидатите. Исто така таквите одредби може да придонесат за послаб квалитет на работата на Советот, бидејќи некои добри кандидати откако ќе одработат 6 години како претставници во Советот нема да можат повеќе да придонесуваат за работата на Советот, иако може да има многумина кои би гласале повторно за тие кандидати земајќи го предвид квалитетот на нивната работа во Советот. Оваа одредба е дополнително проблематична во однос на одредбата во член 9, став 3 каде се вели дека кога некој член на Советот од некоја организација престанува да биде член согласно еден од условите наведени во став 1, алинеја 1, 2 и 3 од овој член, треба да се објави нов јавен повик за избор на член за преостанатиот период до крајот на мандатот на тој член на Советот. Земајќи предвид дека членовите може да бидат избрани по втор пат само еднаш, тие кои ќе бидат избрани во текот на тој мандат на Советот за да го пополнат местото на оние чиј мандат завршил порано, ќе бидат дискриминирани бидејќи нивното полно членство во Советот нема да може да биде три (или шест) години, туку помалку. Поради тоа, ситуациите кога определени членови на Советот ќе престанат да бидат членови пред крајот на нивниот целосен мандат создаваат дополнителен аргумент против поставување ограничувања на повторниот избор на членовите.

- Во врска со одредбите во **член 4** забелешката е дека точната постапка за назначување на кандидати треба да се определи со Правилникот.

- Изразите кои се користат во **член 5**, став 1, алинеја 3 и 4 не се доволно специфични и може да се разберат обопштено и поради тоа треба подобро да се објаснат во Правилникот и подоцна да се изменат во Одлуката. Забелешката е за изразите „работата и делувањето се насочени кон општата јавност и кон интересите на заедницата“ и „има организациски, технички и човечки

капацитети за координација и претставување на организациите за кои се пријавува да ги претставува“. На пример, не е јасно кој и како ќе утврди што е или не е дејност насочена кон општата јавност. Поради тоа таквите одредби може да служат како основа за идни арбитрарни одлуки и треба да се избегнуваат.

- Општата забелешка за **член 7** е дека е потребно појасно да се пропишат условите и постапките за гласање за кандидатите за Советот кои ги претставуваат граѓанските организации. Ова може да се направи во Правилникот.

- Во **член 7** треба да се додаде дополнителна одредба со која им се дава на организациите кои номинирале кандидати за Советот пристап до сите доставени документи како и да дадат приговор во однос на извештајот за бројот на регистрирани организации со кандидати кои ги исполнуваат условите на јавниот повик, наведен во став 1 од конкретниот член.

- Во врска со одредбите во **член 7, став 2** се советува да се дефинира подетално што се подразбира под „дополнителна документација за секој регистриран кандидат“ што според член 6 треба да биде биографија и мотивациско писмо.

- Во **член 7, став 3** на крајот на првата реченица треба да се дополни: „според Статутот на организацијата“ бидејќи организациите во своите статути ги утврдуваат подрачјата во кои ќе работат. Во истиот став, во врска со втората реченица се советува оваа одредба да се разгледа повторно откако ќе се заврши со постапката за гласање за првиот мандат на Советот.

- Во **член 7, став 4** треба да се дефинира што се мисли под „активна организација“. Се додека Одлуката не се дополни во таа смисла, таквата дефиниција, заедно со одредбата во врска со тоа кој документ го докажува таквиот статус или обврска, треба да се вметне во Правилникот. Исто така Правилникот треба да дефинира до кого и кога организациите ќе треба да

доставуваат таков документ за да ја обезбедат можноста да учествуваат во постапката за гласање.

- Дополнително во **член 7, став 4** се препорачува фразата „во една област“ да се избрише и замени со „во областа на нивото делување, според статутот на организацијата“. Фразата како што гласи сега не е доволно јасна и може да се разбере дека сите организации може да гласаат за еден кандидат во секоја од 16-те области. Поради тоа, може да доведе до забуна при гласањето и може да создаде неможност да се утврдат резултатите од гласањето и поништување на постапката. Согласно горе наведеното, организациите кои сакаат да гласаат треба да ги достават својот статут, заедно со документите кои потврдуваат дека се активни и тоа треба да се пропише во Правилникот.

- Во **член 7, став 7** се споменуваат две можни ситуации во кои Генералниот секретаријат на Владата - организациската единица за соработка со граѓанскиот сектор повторно го објавува јавниот повик за избор на член на Советот но земајќи го предвид став 3 (освен ако ова не се измени, како што е наведено погоре) има можност за трета ситуација во која треба повторно да се објави јавниот повик - ситуација во која има само еден кандидат за конкретна област на делување и кога тој кандидат нема да добие ниту еден глас.

- Општата забелешка за **член 7-а** е дека треба да има јасна постапка за избор на претставници од граѓанскиот сектор. Бидејќи одредбата од став 1 веќе е спроведена со цел формирање на Советот во јануари 2018, оваа забелешка не може да се примени ретроактивно за таа цел, туку процедурата која била спроведена може да се оправда со фактот дека било потребно да се забрза постапката за формирање на Советот и дека Генералниот секретаријат на Владата - организациската единица за соработка со граѓанскиот сектор поканил претставници на две граѓанските организации кои содржат голем број на организации и се вклучени во процесот на изработка на Одлуката. Сепак, во идни ситуации, кога ќе се спроведуваат одредбите од став 2 потребно е претходно да се утврди постапката за тоа како двајца претставници од Советот

ќе се избираат од членовите, а треба и да се одреди и дека тие двајца не можат да бидат кандидати за следниот мандат бидејќи ќе доведе до конфликт на интерес и конфликт на улогите за нив. Овие прашања може да се регулираат со Правилникот.

- Во **член 9, став 1**, **алинеја 2** не е јасно зошто е наведено „шест месеци“ и „два последователни состаноци“. Доволно е и пологично критериум да биде само отсуството на два последователни состаноци. Ова е така бидејќи ако има повеќе од два состаноци во период од 6 месеци критериумот веќе ќе биде исполнет во моментот кога членот нема да дојде на втората последователна седница. Исто така доколку има повеќе од две седници во тој период членот може да присуствува на првата, на третата и на петата седница во тој период и неоправдано да биде отсутен на втората, четвртата и шестата што значи дека ниту еден од критериумите во оваа алинеја нема да се исполни. Поради тоа, критериумот за 6-те месеци е непотребен.

- Во однос на одредбите од **член 9, став 1, алинеја 3 и 4** треба да се определи кој, како и кога ќе проверува дали условите од овие одредби се исполнети и кој и како може да го иницира таквиот процес. Овие прашања треба да се определат во Правилникот.

- Техничката забелешка во врска со **член 11** е дека се советува став 1 и 2 да се усогласени преку воведување на истиот текст и во двата: „Генералниот секретаријат на Владата - организациската единица за соработка со граѓанскиот сектор”. Друга опција е да се размисли да се комбинираат овие два става во еден став и со тоа да се избегне повторувањето: „Административната и техничка работа на Советот ја врши Генералниот секретаријат - организациската единица за соработка со граѓанскиот сектор која: ….”.

Скопје, 18 јануари, 2018 година
Лидер на Проект од државата-членка
Весна Лендиќ Касало